**СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**„ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ – ПРИЛЕП**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

# СОУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ – ПРИЛЕП

# ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

**АВГУСТ 2024**

Врз основа на член 89 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ ”бр. 67/2004) и Законот за изменување и дополнување на законот за средно образование („Службен весник на РМ ”бр. 33/2010) Училишниот одбор при Средното општинско училиште ’’Ѓорче Петров’’ од Прилеп, на Седницата одржана на ден _______________ г. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ Ѓорче Петров – Прилеп за учебната 2023/2024 година.

Годишниот извештај е изработен од Педагогот на училиштето, разгледан од Наставничкиот совет и раководниот орган на училиштето, а е донесен и усвоен на седница на Училишен одбор.

в.д. директор

Жанета Видевска

Претседател на Училишниот одбор

Златко Волчески

# 1. УСЛОВИ ВО КОИ СЕ ИЗВЕДУВАШЕ НАСТАВАТА ВО ТЕКОВНАТА 2023/2024 ГОДИНА ВО СОУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"

## 1.1. Извештај за работата на директорот за учебната 2023/24 година

Во текот на учебната 2023/24 година директорот на училиштето ги реализираше следните активности:

1. реновиран и пребојадисан кабинетот за практична настава на образовниот профил Фризер;
2. хортикултурно уредување на дворот и ентериерот на училиштето со садници туи, хризантеми и трендафили во дворот на училиштето и саксиски цвеќиња во ходниците на училиштето;
3. саниран оштетениот дел на влезот во училиштето покрај продавниците накај училишниот паркинг;
4. заменети хард-дискови на 9 компјутери и 3 лаптопи и ставени во употреба за потребите на учениците и наставниците;
5. уредена канцеларијата за наставници со нов елемент во мебелот (кујна), ѕиден часовник, огледало и закачалки;
6. набавена нова машина шлајферица за потребите на училиштето;
7. набавени индустриска правосмукалка и машина за чистење подови;
8. набавени униформи за сите вработени во училиштето;
9. реконструкција на тоалетите за наставниците;
10. монтирани нови прозорци во објектот каде што се изведува практична настава за учениците од текстилно-кожарската струка, исчистени и санирани оштетените делови во просториите и бојадисани вратите во просториите;
11. набавени нагледни средства, наставно-образовни помагала и училишни материјали:
    - 4 лаптопи,
    - 3 таблети,
    - 2 печатачи,
    - 4 ЛЦД проектори,
    - 14 хард-дискови,
    - 10 мауси,
    - 2 рутери,
    - 3 Raspberi PI,
    - 2 комплети звучници,

- 2 апарати за мерење притисок,
- 1 модел на рака за инјектирање,
- 2 модели на рака за предметот анатомија,
- 1 модел на дигестивен систем,
- 1 модел на растителна клетка,
- модели на молекули,
- магнезиумова лента,
- 2 стаклени авани со толчници,
- пипети, пикатори и др. материјали за предметот хемија и за практичната настава за профилот фармацевтски техничар,
- 14 топки (4 фудбалски, 2 одбојкарски, 4 кошаркарски и 4 ракометарски),
- 115 книги за во библиотека за предметот македонски јазик и литература (лектири и дела на македонски и странски автори),
- 4 збирки задачи по математика,
- 34 книги на англиски јазик (учебници/прирачници со вежби и белетристика),
- 1 берберски стол,
- 1 лавор за миење коса,
- 1 фен,
- 1 преса за коса,
- 4 модели на глави за шминкање и за правење фризури,
- 10 силиконски модели на раце за маникир,
- 10 силиконски модели на очи за шминкање.

12. набавени и инсталирани нови камери за видеонадзор во училиштето;
13. набавен и инсталиран електронски читач на работно време;
14. поправени расипаните и оштетени радијатори во училниците, ходниците и спортската сала;
15. набавена и наместена нова порта на влезоте во училиштето од страната кај Заводот за здравствена заштита;
16. набавени и монтирани два нови клима-уреди (еден во канцеларијата за наставници и еден во кабинетот по информатика) а стариот клима-уред од канцеларијата за наставници е монтиран во училишната библиотека;
17. набавена иверица во вредност од 50 000 денари за изведување практична настава на учениците од шумарско-дрвопреработувачката струка од која се направени:
    - дрвена елка,
    - плакари, бироа и комоди во канцелариите на секретарот и педагошко-психолошката служба,
    - плакар и масичка во кабинетот по практична настава за профилот фризер,
    - плакар за чување на примероци за руда и минерали за рударската струка,
    - плакар за чување на ЛЦД проекторите и лаптоп-компјутерите во ходникот до канцеларијата за наставниците,
    - плакар за чување на приборот за одржување хигиена во тоалетите (метли, кофи, џогери) и плакар за чување на индустриската правосмукалка;

18. набавени две нови бели табли;
19. обезбедени три телевизори преку донации кои се поставени во ходниците со софтвер кој покажува датум, точно време, кој час се одржува, кога завршува часот и кога започнува следниот час;
20. континуирано набавување на канцелариски материјали за потребите на вработените во училиштето;
21. редовно набавување на средства за хигиена во просториите на училиштето;
22. обезбедени 2 масички и 6 лејзи бег фотелји од проектот Промоција на безбедна училишна средина;
23. изработен проект за реконструкција на игралиштето за баскет;
24. извршена дезинфекција на просториите на училиштето во јануари и дезинфекција, дезинсекција и дератизација во јули, од страна на Центарот за јавно здравје – Прилеп.

20.08.2024 в.д. директор

Жанета Видевска

**1.3.Воспитно-образовен кадар**

За да може училиштето да работи со успех, неопходно е добра координирана активност на повеќе профили на кадри и служби:
•Кадри за воспитно-образовна работа: директор, помошник директор, психолог, педагог, наставници и библиотекар.
•Кадри за административно-економски работи - секретар/благајник;
•Кадри за техничко-помошни работи: чувари, хигиеничари, хаус-мајстори.
Во текот на изминатата година вкупно наставата ја изведуваа 60 професори, а од стручните соработници има еден педагог и еден психолог.
1.3.Ученици и ученички стандард

На почетокот од учебната година беа запишани – 766 ученици во сите струки. Вкупниот број на ученици беше распределен во 35 паралелки на следниот начин по струки и профили:

1. Здравствената струка - медицинска сестра - 7 паралелки
2. Здравствената струка – гинеколошко-акушерска сестра – 1 паралелка
3. Здравствена струка-физиотерапевтски техничар - 4 паралелки
4. Здравствена струка-фармацевтски техничар – 4 паралелки
5. Лични услуги – техничар за козметичка нега и убавина– 4 паралелки
6. Лични услуги - фризер - 3 паралелки

7. Текстилно-кожарска струка  - техничар за изработка на облека – 4 паралелки
8. Шумарско-дрвопреработувачка струка – техничар за обработка на дрво – 4 паралелки
9. Геолошка,  рударска и металуршка струка – ракувач со рударски машини – 1 паралелка
10. Геолошка,  рударска и металуршка струка - геолошко  рударски техничар -3 паралелки

## 2. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ДЕЈНОСТИ

### 2.1.Настава

Наставата во нашето училиште се одвиваше и реапизираше во согласност на актите со кои истата се пропишува од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Согласно Календарот за организација на учебната 2023/24 година, наставата  почна на 01.09.2023 година, а заврши на 10.06.2024 година, односно на 17 мај 2024 година за учениците од завршните години на тригодишното и четиригодишното средно образование. Учебната година заврши на 31 август 2024 година.

### 2.2.Образовна практика

Како воспитно-образовна цел која се поставува пред нашето училиште е и работното оспособување на учениците со изведување на практична настава, со што теоретски совладаниот материјал подобро би се усвоил и разбрал.

Практичната настава се изведуваше во практичните бази како и во фирмите со кои имаме склучено меморандуми за соработка за предметот  Учење преку работа кај работодавач.

Искуства за практичната настава се црпеа и од учествата во проектите од Еразмус

- **Реализација на меѓународни проекти – координатор Билјана Тошеска:**
  Проект **"Hard skills make you qualifield for a job. Soft skills help you write a resume and to intervieuw to get a job and keep the job". - Италија, Бриндиси (2професори,2 ученици), во период од 16.10.2023 - 20.10.2023**

- **Реализација на меѓународни проекти – координатор Неда Ченто:**
  **Прво полугодие**
  - мобилност во Истанбул за 9 ученици и 2 придружни наставници во периород од 20.11.2023 до 04.12.2023
  - мобилност во Истанбул за 5 наставници во периород од 20.11.2023 до 26.11.2023
  **Второ полугодие**
  - мобилност во Истанбул за 10 ученици и 2 придружни наставници во периород од 03.03.2024 до 16.03.2024
  - мобилност во Истанбул за 5 наставници во периород од 03.03.2024 до 09.03.2024
  - мобилност во Тарагона за 5 наставници во периород од 25.05.2024 до 31.05.2024

- **Проект Ко-менацирани средни училишта -** Во текот на 2024/25 година нашето училиште е избрано да учествува во проектот Ко-менацирани средни училишта, за подобрување на демократската култура во училиштето. Во текот на месец септември наставничката Ангела Кочоска и двајца ученици ќе учествуваат на почетните обуки и ќе ги започнат активностите од проектот заедно со учесниците од Србија, Косово, Босна и Црна Гора.

**Наставници кои учествувале во национални проекти во учебната 2023/2024**
**Координатор на проектот–Билјана Тошеска**

| Име и презиме на наставници | Име на проектот | Учебна година | Време на реализација | Место на реализација | Држави учеснички |
|---|---|---|---|---|---|
| Билјана Тошеска | Hard skills make you qualifield for job | 2023/24 | 16.10-20.10.2023 | Италија | Белгија, Италија, Македонија |
| Оливера Димитријоска | Hard skills make you qualifield for job | 2023/24 | 16.10-20.10.2023 | Италија | Белгија, Италија, Македонија |
| Неда Ченто | Акредитиран проект | 2023/24 | 20.11-26.11.2023 | Турција | Македонија, Турција |
| Жанета Видевска | Акредитиран проект | 2023/24 | 20.11-26.11.2023 | Турција | Македонија, Турција |
| Митко Талески | Акредитиран проект | 2023/24 | 20.11-26.11.2023 | Турција | Македонија, Турција |
| Татјана Шабаноска | Акредитиран проект | 2023/24 | 20.11-26.11.2023 | Турција | Македонија, Турција |
| Костадин Стојаноски | Акредитиран проект | 2023/24 | 20.11-26.11.2023 | Турција | Македонија, Турција |
| Ангела Кочоска | Акредитиран проект | 2023/24 | 20.11-04.12.2023 | Турција | Македонија, Турција |
| Благица Тренчевска | Акредитиран проект | 2023/24 | 20.11-04.12.2023 | Турција | Македонија, Турција |

**Наставници кои учествувале во национални проекти во учебната 2023/2024**
**Координатор на проектот–Неда Ченто**

| Име и презиме на наставници | Име на проектот | Учебна година | Време на реализација | Место на реализација | Држави учеснички |
|---|---|---|---|---|---|
| Петар Аризанкоски | Акредитиран проект Еразмус+ | 2023/2024 | 03.03-16.03.2024 | Истанбул - Турција | Македонија, Турција |
| Венера Н. | Акредитиран проект | 2023/2024 | 03.03-16.03.2024 | Истанбул - | Македонија, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мишачкоска | Еразмус+ | | | Турција | Турција |
| Ангела Велеска | Акредитиран проект Еразмус+ | 2023/2024 | 03.03-16.03.2024 | Истанбул - Турција | Македонија, Турција |
| Пеце Алексоски | Акредитиран проект Еразмус+ | 2023/2024 | 03.03-16.03.2024 | Истанбул - Турција | Македонија, Турција |
| Неда Ченто | Акредитиран проект Еразмус+ | 2023/2024 | 03.03-16.03.2024 | Истанбул - Турција | Македонија, Турција |
| Жанета Видевска | Акредитиран проект Еразмус+ | 2023/2024 | 03.03-16.03.2024 | Истанбул - Турција | Македонија, Турција |
| Наташа Најдоска | Акредитиран проект Еразмус+ | 2023/2024 | 03.03-16.03.2024 | Истанбул - Турција | Македонија, Турција |
| Неда Ченто | Outside the box | 2023/2024 | 25.05-31.05.2024 | Тарагона Шпанија | Македонија , Шпанија |
| Жанета Видевска | Outside the box | 2023/2024 | 25.05-31.05.2024 | Тарагона Шпанија | Македонија , Шпанија |
| Лора Т. Николоска | Outside the box | 2023/2024 | 25.05-31.05.2024 | Тарагона Шпанија | Македонија , Шпанија |
| Стојна Христоска | Outside the box | 2023/2024 | 25.05-31.05.2024 | Тарагона Шпанија | Македонија , Шпанија |
| Цветанка Стојаноска | Outside the box | 2023/2024 | 25.05-31.05.2024 | Тарагона Шпанија | Македонија , Шпанија |

Дата 20.08.2024 Педагог- Снежана Милошеска

**2.3. Слободни ученички активности**

За оваа учебна година беа пријавени да работат следните секции кои аналогно на своите изработени програми за работа во текот на учебната година, ги изработија и своите извештаи:

1.Драмска секција - Слободно театарче – Билјана Тинтоска

2.Фризерска секција – Стојна Христоска

3.Информатичка секција – Гоце Неделкоски

4. Математичка секција – Валентина Темелкоска и Тодорка Лашкоска

5.Текстилна секција – Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска

6. Историска секција – Млади историчари – Ирена Јорданоска
7. Секција за спорт и спортски активности (футсал, кошарка, фудбал, одбојка, ракомет, пливање, планинарење, велосипедизам, карате, пинг-понг, атлетика) – Здравко Ристески, Зоран Димоски, Дејан Димоски
8.Секција по физика – Сашо Кочоски
9.Рецитаторска сексија – Лора Т. Николоска, Ивана Вељаноска

**2.4.Следење и унапредување на успехот на учениците**

Успехот на учениците во тековната година континуирано се следеше на крајот на секој класификационен период, што се внесуваше во извештаите за успех од секој клас, што во понатамошна постапка на педагогот се користеа за подлабоки компаративни анализи за негово унапредување.

**2.5.Ученички екскурзии**

Во текот на учебната 2022/23 година беа изведени две еднодневни ученички екскурзии есенска и пролетна до месноста Селце, од забавно рекреативен карактер. Исто така и повеќедневната екскурзија наменета за учениците од втора година од тригодишното средно образование и трета година од четиригодишното средно образование која се реализираше низ Европа во траење од 6 дена.
Ескурзијата беше реализирана во соработка со Т.А. Ex Travel-Прилеп во периодот од 12.04 до 17.04.2024 на релација Прилеп-Будимпешта-Виена-Прага-Дрезден-Братислава.
На екскурзијата покрај професорите и директорката беше присутен лекар и двајца претставници од агенцијата.
**Прв ден Македонија** Екскурзијата започнува со тргнување со туристички автобус од Прилеп во вечерните часови. Ноќно возење преку Србија.
**Втор ден Будимпешта**. Пристигнување во Будимпешта во претпладневните часови, разгледување на Будимпешта со локален водич, разгледување на споменикот на Милениумот, Парламентот, Градскиот парк, Операта, улиците Андраши и Ракочи, црквата Св.Стефан, мостовите на Дунав, Тврдината со кралските палати, црквата на кралот Матејас, рибарската тврдина, слободно попладне ,сместување во хотел. Вечера и ноќевање.
**Трет ден Виена.** Појадок, поаѓање за Виена, разгледување на Виена со локален водич, плоштадот Рингштрасе, палатата Хофбург, Парламентот, дворецот Шенбрун, Операта, катедралата Св.Стефан Попладне поаѓање за Прага, пристигнување во вечерните часови, сместување во хотел, вечера и ноќевање.
**Четврт ден Прага.** Појадок. Разгледување на Прага со локален водич, Горниот град, дворецот Храдчини, катедралата Св.Вито, Карловиот мост, споменикот на Карло IV, Старомајскиот плоштад со Астрономскиот часовник – Орлои, споменикот на Јан Хус, крстарење по реката В лтава. Вечера. Диско забава. Ноќевање.

**Петти ден Дрезден.** Појадок. Целодневен излет до Дрезден, разгледување на градот со локален водич. Богородичната црква на плоштадот Нојмаркт, палатата Цвингер со Нимфината фонтана, операта Земпер, Кралскиот дрезденски дворец, Бриловата тераса, Дрезденската катедрала. Посета на шопинг центар. Враќање во хотелот во Прага. Вечера и ноќевање.
**Шести ден Братислава**, Македонија.Појадок. Поаѓање за Македонија со попатно разгледување на Братислава. Братиславскиот замок, катедралата Св.Мартин, Роландовата фонтана, Михаеловата кула .Пристигнување во доцните ноќни часови.

## 2.6. Заштита и унапредување на здравјето на учениците

Одржувањето на хигиената во училиштето беше со максимална ангажираност на сите субјекти во воспитно-образовната институција.

Во однос на унапредувањето на здравјето и едукација за одржување на истото, се реализираа стручни предавања од страна на вработените од Центарот за јавно здравје, како и предавања од страна на класните раководители за време на класните часови и советодавни разговори на педагошко-психолошката служба за ученици, наставници и родители.

Реализирани предавања од ЦЈЗ

- Исхрана , здравје и физичка активност;
-Малигни заболувања;
-Кардиваскуларни заболувања;
-Зависност (пушење);
-Сексуално воспитание и сексуално преносливи болести ;
-Ден на тутун ( откажување од пушење );
-Зависности ( дрога);
-Физичка активност;
-Кардиваскуларни заболувања;
-Откажување од зависности ;

## 2.7. Запишани и отпишани ученици

## Ученици кои се запишале во текот на учебната 2023/24 година

| Име, татково име и презиме на ученикот | Националност | Од кое училиште доаѓа | Датум на упис | Во кој клас се запишува | Со преведница број |
|---|---|---|---|---|---|
| Петар Зоранчо Богоески | Македонец | Крушево | 22.08.2023 | 1/9 | Нема преведница |
| Алхида Алија Исмаилоска | Ромка | СОУ Орде Чопела - Прилеп | 04.09.2023 | 1/4 | 08-12/11 04.09.2023 |
| Барбара Рубинчо Кондоска | Македонка | СОУ Орде Чопела Прилеп | 05.09.2023 | 1/4 | 08-12/15 05.09.2023 |
| Стефани Златко Димова | Македонка | СОУ Орде Чопела Прилеп | 05.09.2023 | 1/8 | 08-12/14 05.09.2023 |
| Матеа Игор Митреска | Македонка | ОСМУ Никола Штејн - Тетово | 07.09.2023 | 1/8 | 08-1192/1 06.09.2023 |
| Анастасија Николче Лозаноска | Македонка | СОУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп | 11.09.2023 | 1/2 | 08-546/2 11.09.2023 |
| Сара Гоце Тодороска | Македонка | СОУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп | 18.09.2023 | 1/4 | 08-577/2 18.09.2023 |
| Благица Даре Петреска | Македонка | СОУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп | 18.09.2023 | 1/2 | 08-580/2 18.09.2023 |
| Јована Зоран Дојчиноска | Македонка | ДСУ Спортска академија - Скопје | 11.09.2023 | 1/4 | 08-686/1 02.10.2023 |
| Михаела Иле Илиеска | Македонка | СОУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп | 07.11.2023 | 1/2 | 08-693/2 08.11.2023 |
| Мухамед Нијазија Беќироски | Турчин | СОУ Орде Чопела Прилеп | 02.11.2023 | 1/5 | 08-12/13 08.11.2023 |
| Катерина Тони Дамевска | Македонка | ДУРАМОВ Димитер Влахов - Скопје | 29.09.2023 | 1/3 | 02-939/1 02.10.2023 |
| Кирил Драганче Вељаноски | Македонец | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 09.10.2023 | 1/3 | 08-10/6 10.10.2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мелани Љубиша Новеска | Македонка | ДСУ Спортска академија - Скопје | 02.10.2023 | 1/4 | 08-687/1 02.10.2023 |
| Христијан Орде Илиески | Македонец | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 06.10.2023 | 1/5 | 08-10/14 09.10.2023 |
| Александра Симјан Иваноска | Македонка | СОУ Орде Чопела Прилеп | 03 .10.2023 | 2/6 | 08-12/13 08.11.2023 |
| Анабела Даниел Јованоска | Македонка | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 15.11.2023 | 1/2 | 08-10/20 15.11.2023 |
| Јасин Омер Садулоски | Турчин | СОМУ Гостивар - Гостивар | 27.11.2023 | 3/2 | 08-797 27.11.2023 |
| Сулејман Сенат Сулејманоски | Ром | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 13.12.2023 | 1/7 | 08-10/22 13.12.2023 |
| Михаил Владимир Тарунџиески | Македонец | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 12.02.2024 | 1/7 | 08-75/1 12.02.2024 |

**Ученици кои се отпишале во текот на учебната 2023/2024 година**

| **Име, татково име и презиме на ученикот** | **Националност** | **Во кое училиште оди** | **Датум на отпишување** | **Од кој клас се отпишува** | **Со преведница број** |
|---|---|---|---|---|---|
| Дејана Томислав Јошеска | Македонец | СОЕПТУ Кузман Јосифоски Питу – Прилеп | 04.09.2023 | 1/4 | 08-653/1 04.09.2023 |
| Павлина Горанчо Јосифоска | Македонка | СОУ Таки Даскало – Битола | 01.09.2023 | 2/4 | Нема преведница |
| Матеј Дејан Бунтески | Македонец | СОУ Гимназија Мирче Ацев Прилеп | 04.09.2023 | 1/2 | 08-656/1 04.09.2023 |
| Анастасија Сашко Темелкова | Македонка | СОУ Гимназија Добри Даскалов – Кавадарци | 12.09.2023 | 1/4 | 08-692 12.09.2023 |
| Атанасиј Љубен Најдоски | Македонец | СОЕПТУ Кузман | 21.09.2023 | 1/4 | 08-730/1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Јосифоски Питу – Прилеп | | | 21.09.2023 |
| Елена Сашко Петкоска | Македонка | СОУ Орде Чопела Прилеп | 02.11.2023 | 1/4 | 08-778/1<br>02.10.2023 |
| Неџат Азем Елмазов | Ром | СОУ Таки Даскалов – Битола | 10.10.2023 | 1/5 | 08-812/1 |
| Сердар Зељур Рустемов | Ром | СОУ Таки Даскалов – Битола | 01.11.2023 | 1/5 | 08-898/1<br>01.11.2023 |
| Мелани Љубиша Новеска | Македонка | ДСУ Спортска академија – Скопје | 08.11.2023 | 1/4 | 08-938/1<br>08.11.2023 |
| Дарко Катерина Ацески | Македонец | СОУ Орде Чопела Прилеп | 13.11.2023 | 1/9 | 08-957/1<br>13.11.2023 |
| Катерина Конеска | Македонка | СОУ Орде Чопела Прилеп | 09.11.2023 | 1/4 | 08-939/1<br>08.11.2023 |
| Ангела Горан Веселиноска | Македонка | СОУ Ристе Ристески – Ричко Прилеп | 14.11.2023 | 1/4 | 08-960/1<br>14.11.2023 |
| Јована Игорче Каралиоска | Македонка | СОУ Ристе Ристески – Ричко Прилеп | 31.01.2024 | 1/3 | 08-49/1<br>31.01.2024 |
| Бојан Златко Атанасоски | Македонец | СОУ Ристе Ристески – Ричко Прилеп | 22.01.2024 | 1/3 | 08-12/1<br>22.01.2024 |
| Мухамед Билент Целилоски | Турчин | СОЕПТУ Кузман Јосифоски Питу – Прилеп | 14.03.2024 | 1/9 | 08-193/1<br>14.03.2024 |
| Емина Исмет Куч | Турчинка | СОЕПТУ Кузман Јосифоски Питу – Прилеп | 29.03.2024 | 1/6 | 08-230/1<br>29.03.2024 |

**Ученици кои се отпишале во текот на учебната 2023/2024 година**

(без преведница со изјава )

| Име, татково име и презиме на ученикот | Националност | Од кој клас се отпишува | Причина |
|---|---|---|---|
| Еданур Селман Џафероска | Турчинка | 1/1 | Префрлање во 1/5 |
| Ерна Фатма Грба | | 1/3 | Преселба во странство |
| Деана Дејан Крстеска | Македонка | 1/4 | Преселба во странство |
| Ѓула Ерџан Шабаноска | Ромка | 1/5 | Мажена |
| Ахил Џејлан Мамудоски | Ром | 1/5 | Оженет |
| Елмедина Алмир Асаноска | Ромка | 1/5 | Преселба во странство |
| Зехра Санела Мефаилоска | Ромка | 1/6 | Мажена и преселба |
| Сонѓул Есад Шабаноска | Ромка | 1/6 | Мажена |
| Менче Сашо Секулоска | Македонка | 1/6 | Вонредно |
| Суада Назиф Макиќ | Бошњачка | 1/6 | Мажена |
| Аниса Исмет Хусејновиќ | Бошњачка | 2/4 | Мажена |
| Ќамил Трајче Мустафоски | Ром | 2/5 | Преселба во странство |
| Сонија Арабас Алиоска | Ромка | 2/5 | Преселба во странство |
| Елсан Елвис Зијадиќ | Бошњак | 2/5 | Отстранет на Наставнички совет |
| Јордан Ѓорѓи Мешков | Македонец | 2/5 | Преселба во странство |
| Елидѓа Себајдин Чукоска | Ромка | 2/5 | Повторувачка и отпишана со полни 18 години |
| Минире Абдула Имероска | Албанка | 2/6 | Мажена |
| Синдита Орхан Алиоска | Ромка | 2/6 | Мажена |
| Мениса Вебија Адем | Турчинка | 2/6 | Заминување во странство |
| Мевлудина Фатмир Усеиноска | Турчинка | 2/6 | Мажена |
| Петар Зоранчо Богоески | Македонец | 2/9 | Вонредно |
| Александра Станислав Здравкоска | Македонка | 3/2 | Вонредно |
| Раим Кадрија Јаче | Турчин | 3/4 | Вонредно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амер Влад Халиловиќ | Бошњак | 3/5 | Преселба во странство |
| Рајберка Цењан Ибраимоска | Ромка | 3/5 | Мажена |
| Сеадин Сенат Ристемоски | Ром | 3/7 | Отпишан 18 години |
| Мерван Раиф Ајдароски | Турчин | 4/5 | Отстранет на Наставнички совет |
| Мервин Вебија Алилоски | Турчин | 4/5 | Отстранет на Наставнички совет |
| Емануел Раиф Еминоски | Ром | 4/6 | Отпишан 18 години |
| Едмир Ејвас Алиоски | Ром | 4/8 | Отпишан 18 години |
| Сибел Исмаил Сулејманоски | Турчинка | 2/6 | Преселба во странство |
| Елеонора Благојче Илиоска | Македонка | 2/8 | Школување во странство |
| Николина Горанче Грозданоска | Македонка | 1/4 | Мажена |

Педагог
Снежана Милошеска

**Ученици кои учествувале и освоиле место на државни и меѓународни натпревари за 2023/2024 година**

| **Име и презиме на наставникот** | **Предмет** | **Учество** | **Освоено место** | **Име и презиме на ученикот** | **Клас** |
|---|---|---|---|---|---|
| Марина Димовска | Англиски јазик | Државен | Второ место | Ема Трајкоска | 2/3 |
| Лидија Ристеска | Македонски јазик и литература | Државен | Прво место | Александар Атанасоски | 4/7 |
| Оливера Димитријоска | Македонски јазик и литература | Државен | Трето место | Евгенија Неданоска | 4/2 |
| Татјана Шабаноска | Биологија | Државен | Прво место | Ангела Челебитова | 1/2 |
| Татјана Шабаноска | Биологија | Државен | Трето место | Елена Бошеска | 1/2 |
| Неда Ченто | Англиски јазик | Државен | Второ место | Меланија Јованоска | 2/1 |

## 3. ПОВРЗАНОСТ СО ПОТЕСНАТА И ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА

Во изминатата учебна година училиштето контактираше со сите институци:
•Соработка со советникот за образование при Локалната самоуправа - Прилеп;
•Соработка со Бирото за развој на образованието;
•Соработка со Медицински центар - Прилеп;
•Соработка со Завод за здравствена заштита - Прилеп;
•Соработка со Градска општа болница Борка Талески - Прилеп
•Соработка со другите училишта во градот и Републиката;
•Соработка со културните, спортски и други институции и јавни работници;
•Соработка со работни организации чие производство е тесно поврзано со наставата која се изведува во нашето училиште;
•Соработка со Државниот просветен инспекторат;
-Соработка со Центарот за стручно образование и обука;
-Соработка со USAID;
-Соработка со националната агенција за европски образовни програми;
-Соработка со Гарнизонот „Мирче Ацев“-Прилеп;
-Соработка со Градската библиотека „Борка Талески“ – Прилеп;
-Соработка со Коалицијата на младински здруженија СЕГА и други НВО;
-Соработка со ЦСР- Прилеп; - Прилеп;
-За да се запознаат учениците од основните училишта со нашите струки и образовните профили за упис во прва година, се користеа социјалните мрежи, но и Отворениот ден за основците, на кој на многу транспарентен и едукативен начин, нашите ученици под водство на своите наставници од практичната настава ги запознаа учениците од основните училишта со работата на секој образовен профил водејќи ги низ штандовите посебно уредени за секој образовен профил и струка.

## 3.1.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНАТА СТРУКА / СЕКТОР ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА - МЕДИЦИНСКА СЕСТРА

| Активност | Време и место на реализација | Ментор |
|---|---|---|
| Прв симпозиум на медицински сестри за примарна здравствена заштита | 22 Март<br>Хотел Салида - Прилеп | Наташа Ванчева |
| Недела на сестринството<br>Оддележување на 5 Мај Светскиот ден на акушерките | 30 Април<br>Градска библиотека Борка Талески - Прилеп | Наташа Ванчева |
| Едукативна работилница на тема ХИПЕРТЕНЗИЈА | 9 Мај<br>Пензионерски дом Прилеп | Наташа Ванчева |
| 12 Мај Светски ден на медицинските сестри<br>Доделување на награди за најхумани сестри на РМакедонија за 2023 година | 10 Мај<br>Свечена академија Дом на АРМ - Скопје | Наташа Ванчева<br>Ленче Јованоска |
| Донациски базар по повод Светскиот ден на детето под мотото Од сестрите за сестрите | 1Јуни<br>Градски саат - Прилеп | Наташа Ванчева |

## 3.2.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНАТА СТРУКА / СЕКТОР ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА –ФАРМАЦЕВТСКИ ТЕХНИЧАР

Посета на фабрика за производство на храна Витаминка
Посета на болничка аптека
Посета на Алкалоид –Скопје
Презентација на струка - Правење на маст за пети,салицилна маст,екстаркција на масло од рузмарин

## 3.3.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД СТРУКА / СЕКТОР - ЛИЧНИ УСЛУГИ

Учениците од секцијата Млади фризери како и секоја година така и оваа зедоја учество на повеќе настани од кои настани некои се и традиционални ,на овој начин соработуваат учениците и со останатите струки во нашето училиште.

- учество  на модната ревија „Trash Fashion“ по повод 5ти јуни – Светскиот ден на животната средина, инспирирани од слични настани на глобално ниво.  Ревија од рециклирачки материјали на овој настан се изработи креација  од тим составен од струките Фризер,козметичар за нега и убавина,техничар за дизајн на облека и тим од медицинска струка. На овој настан креацијата  и тимот се здобјаа  со специјални награди.
- Отворен ден на училиштето за презентирање на струките од нашето училиште СОУ„Ѓорче Петров“ во холот на училиштето беа презентирани сите струки како и  нашата струка  Фризер и Техничар за нега и убавина на 04 Јуни 2024
- учество со изработка на повеќе техники – за Патрониот празник на училиштето
- Реализирани активности во текот на целата година  со поканети гости однадвор исто така и помеѓу соучениците   нашите ученици ја остваруваат својата креативност,смислата за естетика за убаво со изработка на фризура и шминка за различни пригоди дневна,вечерна,свечена ,уметничка фризура и шминка
- Постигнати цели : Учениците преку овие активности имаја можност да ја презентираат својата работа,стекнатите вештини,знаења,искуства,обликување и стилизирање на косата , уметничката  шминка да ја истакнат својата креативност,смислата за естетика за убаво исто така и хуманоста ,посветеноста за грижа на постарите ,децата од ранливите категории на граѓани.

## 3.4.РЕАЛИЗИРАНИ  АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКАТА СТРУКА / СЕКТОР – ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ

| Р.б | Вид на активност | Период на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Слики и видеа со изработка на различни предмети од текстилни материјали за презентација на струка на фб страната од училиштето | Септември - Декември |
| 2. | Изработка на облека и текстилни производи со материјали добиени во соработка со локални конфекциски и текстилни компании | Октомври-Декември |
| 3. | Посета на конфекција „Жалфија” | Септември |
| 4. | Учество во дводневна работилница за 3Д моден дизајн организирана од Текстилен кластер и VM3D-fashion design | Септември |
| 5. | Изработка на наметки за стрижење за реализација на практична настава, лични услуги - фризер | Октомври |
| 6. | Изработка на престилки за градинарство за корисниците на Дневниот центар "Ѕуница" | Ноември |
| 7. | Реализирана работилница „ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ПОВЕЌЕ" - дизајнирање на престилки за градинарство, по повод 3ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост организирана заедно со ученици од ООУ„Гоце Делчев" и ООУ„Рампо Левката“ | Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Вклученост во Инфо денот за проектот FASHION EMPLOYMENT HUB во организација на Текстилниот кластер и Македонската модна асоцијација. Следење на презетации на млади модни дизајнери и на творештвото од претставници на занаетчиската комора од Прилеп | Ноември |
| 9. | Изработка на перници за потребите на здравствена струка – медицински сестри | Ноември -Декември |
| 10. | Изработка на украсни тиквиња од отпадни текстилни материјали за украс и за подарок | Октомври |
| 11. | Учество на ученици на Конкурс„Јелена Крстиќ'' на тема „Идол од градот ‘‘ | Декември |
| 12. | Ликовна изложба на творбите од конкурсот „Јелена Крстиќ“ во просториите на училиштето и доделување на сертификати и награди (донирани од компаниите „Тритекс” и „Комфи Ангел”, професорка Марта Макеска) | Декември |
| 13. | Изработка на новогодишни елки од отпадни текстилни материјали добиени од компанија „Жалфија” | Декември |
| 14. | Украсување на училишна работилница | Декември |
| 15. | Изработка на 120 марами од материјали добиени од тејстилни компании за одбележување на 8Март | Февруари - март |
| 16. | Подарување 120 марами на случајни минувачи на плоштад „Методија Андонов - Ченто“ по повод празникот 8 Март | Март |
| 17. | Учество на ученици од текстилно-кожарска струка во работилници за изработка на мартинки | Февруари |
| 18. | Подарување на мартинки низ училиштето и во детска градинка | Март |
| 19. | Продажба на мартинки во центарот на градот и донирање на средствата за хуманитарни цели | Март |
| 20. | Изработка на текстилни производи за осмомартовски панаѓур | Февруари - Март |
| 21. | Учество во училишен панаѓур по повод 8 Март | Март |
| 22. | Изработка и подарување на текстилни производи за велигденски празници | Мај |
| 23. | Подготовки на учениците за презентација на струката на Отворениот ден во училиштето | Мај |
| 24. | Учество во презентација на струката на Отворениот ден во училиштето, настан организиран од училиштето , а поддржан од локалната самоуправа | Мај |
| 25. | Изработка на модели за модна ревија Trash fashion со редизајнирање, реупотреба, рециклирање на тексас и текстилни материјали | Мај - Јуни |
| 26. | Учество на модна ревија Trash fashion организирана за професори, ученици, родители,пријатели, претсатвници на деловни субјекти со модели изработени од рециклирачки отпад-тексас и текстилни материјали | Јуни |

### 3.5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД СТРУКА / СЕКТОР - ШУМАРСТВО И ОБРАБОТКА НА ДРВО

-Во текот на прво полугодие се реализираа повеќе активности.
Дел од нив како што се кроење и кантирање на детали од плочи со завршна монтажа на готови производи, се извршуваат во фирмите каде што се изведува Учење реку работа кај работодавач, под менторство на Пеце Алексоски. Исто, во склоп на УПР, беа изработени дрвени држачи за саксии, наменети за училишните ходници.
Учениците од прва, втора и трета година засадија зимзелени дрва и украсни цвеќиња, а истиот ден ги премачкаа со заштитна боја изработените дрвени клупи во училишниот двор.
Под менторство на Марија Јованоска, учениците од четврта година, пред почетокот на зимскиот распуст, од парчиња иверица, изработија новогодишна елка која ја поставија во холот од училиштето.
Исто така, наставниците и учениците од нашата струка се погрижија за поставување на новогодишните декорации и ламбички.

-Во второто полугодие од учебната 2023/2024 година продолживме со активностите.
Учениците од втора и трета година под менторство на наставникот Пеце Алексоски изработија дрвени штафелаи за потребите на Општина Прилеп.
Под менторство на наставникот Марија Јованоска, учениците се погрижија за дел од опремувањето на промотивниот штанд на учениците од другите струки, кои го претставуваа својот производ Чоко Пробио на државно и европско ниво.
Во текот на второто полугодите се подготвувавме за промоција на струката, особено за отворениот ден. Изработивме различни украсни дрвени производи кои ги поставивме на штандот со цел да ги запознаеме идните ученици со какви вештини би се стекнале.

### 3.6. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ГЕОЛОШКО-РУДАРСКАТА И МЕТАЛУРШКА СТРУКА СЕКТОР ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА

- Ученикот од трта година учествуваше на Отворениот ден во училиштето за презентација на струките пред деветоодделенците од основните училишта, каде беа презентирани видовите на материјали и дел од рударскиот прибор кој се користи во рудниците.

# 4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

## 4.1.Работа на Наставничкиот совет

Главното тежиште на работата во воспитно-образовниот процес паѓа врз наставниците. Оттаму и потребата истите да ги координираат своите активности. Координацијата на своите активности ја постигнуваат на состаноците на Наставничкиот совет кој воедно е и највисок стручен орган на училиштето во чија работа земаат учество директорот, педагогот и психологот. На состаноците на наставничкиот совет беа разгледувани прашањата и проблемите околу целокупната работа, се вршеше известување за постигнатите резултати во учењето.

Содржините за работа на Наставничкиот совет кои беа предвидени, а и разгледани и дискутирани во глобала беа следните:

•Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа;
•Донесување одлуки за формирање на паралелки;
•Определување на класни раководители;
•Формирање на комисии за Државна матура
•Донесување на одлуки за педагошки мерки;
•Планирање на динамиката на соработка со родителите и училиштето;
•Планирање на работата на секциите;
•Евалуација на работата на Стручните активи;
•Донесување одлуки и можни решенија за надминување на слабостите преку воведување на нови методи и начини на работа;
•Анализа на организацијата и резултатите од работењето и сл.

## 4.2. Работа на Советот на паралелката

Состаноците на Советот на паралелката се одржуваат после секој класификационен период во текот на учебната година, и на нив се реализираат следните активности:

Следење на планирањето и реализирањето на редовната, дополнителната, додатнтата, изборната настава, содржини програмирани од училиштето;

Следење на редовноста на учениците, предлози за изрекување на педагошки мерки на учениците, користените методи и техники за оценувањето;

Откривање и организирање на учениците на кои им треба посебна педагошко- психолошка помош, анализа на работна дисциплина и поволна социјална клима во паралелката, откривање и разрешување на конфликти во паралелката, осознавање за социо-емоционалниот развој на учениците;

Планирање и реализирање на родителски средби, советување на родителите од страна на педагошко-психолошката служба, планирање, реализација и анализа на информираноста на родителите за развојот и напредокот на учениците, како усно така и преку Е дневникот;

**4.3. Работа на Стручните активи**

Во нашето училиште се формирани се 9 стручни активи .Секој актив одделно ја планира својата работа која е доставена во прилог на Годишната програма за работа на училиштето.

Согласно напатствијата од МОН за подобрување на квалитетот на наставата како и за зајакнување на улогата на стручните тела се предвидуваат следниве активности на стручните активи:

- креирање на електронска (online) колаборативна платформа со прашања и предлози
- креирање профили на социјалните мрежи, форуми и дискусиони групи за комуникација меѓу учениците, наставниците и нивните родители
- да поставуваат линкови до наставниот материјал, електронска содржина кои што би се користеле во наставата
- да предлагаат иновации во наставните програми за средното образование
- да предлагаат теми за обуки кои ќе ги доставуваат до тимот за професионален развој во училиштето
- задолжително планирање и реализирање на нагледни часови каде што наставниците вршат меѓусебна посета на часови за размена на искуства
- зајакната соработка на стручните активи со стручната служба
- редовни консултации за подобрување на квалитетот на дневното, тематско и годишно планирање
- назначување на стручните активи како одговорни за (online) дискусиони групи на училиштето
- десеминација на посетени семинари и обуки

**4.5. Работа на раководителот на паралелката**

Раководителот на паралелката  во текот на учебната година како наставник покрај своите обврски за предметот кој го предава, има многу важна улога во водењето на класот кој му е доверен. Неговата способност треба да иницира и поддржува поддржувачка комуникација со учениците, со родителите, со наставниците кои одржуваат настава во неговата паралелка, со педагошко-психолошката служба и со сите вработени во училиштето.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА, СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ И ЛАТИНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

Во оваа учебна година, беа остварени речиси сите планирани активности, како и некои што дополнително и тековно произлегоа.

Во текот на месец август беа извршени сите подготовки за успешно полагање на Државна матура, односно Завршен испит, како и на поправните испити за учениците. Беа извршени консултации околу планирањето на наставата, а беше разгледана и имплементацијата на планот за ЛППР. Тимски беа разработени и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети.

Во текот на месец август тимски беа изработени годишните и тематските планирања на наставата, како и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети. Беа активирани и секциите и започна координацијата на нивната работа, како и активностите околу анализирање на резултатите од Државната матура, т.е. Завршниот испит.

Месец септември беше во знакот на континуирани подготовки на учениците кои ќе бидат потенцијални учесници на Државните натпревари по македонски јазик и литература, странските јазици и латински јазик. Исто така беа спроведени и консултации околу подготовката на тестови за проверка на знаењата на учениците според зададените стандарди и критериуми за оценување на постигањата на учениците, во согласност со нормите на Државната матура, т.е. Завршниот испит. Беше изведена и подготовка и реализација на активности за проекти од меѓународен и регионален карактер во кои учествува училиштето. Исто така, Драмската секција „Слободно театарче“ на СОУ„Ѓорче Петров“ Прилеп, распиша јавен повик за нови членови. Имаше огромен интерес, а аудицијата се реализира на почетокот на месец октомври, при што беа примени четворица кандидати.

Месец октомври беше во знакот на подготовките за учество на Конкурсот од Градската библиотека. Започнаа и активностите на секциите и се одвиваше континуирана подготовка за манифестацијата., на која ученици од нашето училиште беа наградени: ученичката Исидора Николоска од 2-1кл. освои Прва награда на Конкурсот за најдобра рецитација, под менторство на проф. Билјана Тинтоска, а ученичката Христина Талеска од 1-2кл. под менторство на проф. Лидија Ристеска освои трето место на Конкурсот за најдобра песна, организиран од Градската библиотека „Борка Талески“ Прилеп.

Сите планирани активности беа успешно изведени. Исто така беше извршена анализа на успехот на учениците по предметите на крајот од првото тримесечје и беше разгледана стратегија за неговото подобрување, а беше активирана и реализацијата на додатната и дополнителната настава.

Традиционалната Драмска вечер на Драмската секција „Слободно театарче“ на СОУ„Ѓорче Петров“ Прилеп беше одржана на 25.12.2022г. со претставата „Со нив или без нив“ по драмски текст на Филип Стојановски, менторство на проф. Билјана Тинтоска, на сцената на НТ„Војдан Чернодрински“ Прилеп.

Активностите продолжија и во месец декември и беше насочена кон поуспешна реализација на успехот на крајот од првото полугодие. А беа преземени и конкретни чекори околу определувањето на учениците во врска со екстерните предмети за Државната матура и другите нејзини компоненти, како на пример проектната задача. Исто така, беше спроведено и пријавувањето на учениците за Државна матура, според предвидените рокови.

Во организација на двата тима на моделот Ученик – правобранител, беа изведени бројни активности за обележување значајни датуми од разни теми, поврзани со училишниот живот.

Во текот на месец јануари имаше активности околу Завршниот испит за кандидатите од тригодишно образование и беше извршена анализа на успехот од првото полугодие и разработена стратегија за негово подобрување.

Во овој период проф. Оливера Димитријоска организираше две дебати, на кои беа присутни: психологот Лидија Алексоска, проф. Елизабета Милошеска и сите ученици од 3-2 клас. Едната тема беше „Избор за високо образование, колку средното е важно“, а другата „Религијата и соживот, во смисла на предрасуди, конкретни примери“. Исто така, ученици Новинарско – говорничката секција од трета година беа на обука во организација на НВО „АГТИС“, каде правеа интервју и се запознаваа повеќе со областа на медиумската писменост.

Во месеците февруари и март беа извршени и интензивни подготовки околу учеството на државните натпревари по нашите предмети, онака како што се планирани со годишната програма, како и сите пропратни активности. Беа одржани натпревари по англиски јазик, на кои учениците остварија мошне солидни постигнувања. Под менторство на проф. Марина Димовска: Општински натпревар по англиски јазик (ЕЛТАМ) - 1 и 2 место. Регионален натпревар по англиски јазик (ЕЛТАМ) - 1 и 2 место. 1 место на двете - Ема Трајкоска; 2 место - Ненад Ризовски. Државен натпревар – учество. Под менторство на проф. Елизабета Волнароска: Марија Наумоска - 3то место - Општински, 2-ро Регионален и учество на државен Ивана Стојкоска - 3то - Општински, 2-ро Регионален и учество на Државен натпревар.

Месец март беше во знакот и на подготовките на Патрониот празник на училиштето – 1 Април. По тој повод на 31.3.2023г. во НТ„Војдан Чернодрински“ Прилеп, се одржа Свечена академија, на која учествуваа над сто ученици – учесници во најразлични точки – музички и уметнички, а Драмската секција се претстави со перформансот „После ноќта зора доаѓа“ по текст на Филип Стојаноски и менторство на проф. Билјана Тинтоска. Во неа беа имплементирани повеќето од музичките и литературните изведби.

2 Април – Прослава на Патрониот празник на училиштето

2 Април – патрониот празник на нашето училише е ден кога се празнува раѓањето на великанот и идеологот на македонската револуционерна борба – Ѓорче Петров. По тој повод беа организирани низа свечени настани и активности.

На 29.3.2024г. во спортската сала на училиштето се одржаа ревијалните натпревари помеѓу одбојкарските екипи од средните училишта од Општина Прилеп. По таа пригода беа доделени соодветни признанија на прилепските средни училишта за успешна соработка на спортското поле од страна на директорот на училиштето г-ѓа Жанета Видевска, професорот Здравко Ристески - претседател на СУС Прилеп додели признание за посебен придонес во училишниот спорт на професор Тони Стевананција.

На 1.4.2024г. со почеток во 18:00ч., во просториите на Народниот театар „Војдан Чернодрински“ се одржа Свечена академија, на која присуствуваа: градоначалникот на Општина Прилеп д-р Борче Јовчески и претставници од Локалната самоуправа, директори на средните и основните училишта од градов, претставници на Училишниот одбор и Советот на родители на училиштето, родители, професори и ученици. Пред преполна сала се одржа пригодната програма, во која учествуваа нашите ученици – членови на повеќе секции: литературната под менторство на проф. Лидија Ристеска; рецитаторската под менторство на професорките Лора Трајкоска Николоски и Ивана Велјановска; историската под менторство на проф. Ирена Јорданоска; хорот и музичката секција под менторство на проф. Наташа Велеска, драмската секција „Слободно театарче“ под менторство на проф. Билјана Тинтоска; играорната под менторство на проф. Здравко Ристески.

Програмата содржеше разновиден репертоар од музички точки, поддржани од училишната музичка група „The doctors“, рецитации, перформанси и презентација на лични творби, комична претстава „Весело пазарче“ по текст и во режија на Филип Стојаноски, македонски народни ора и на самиот почеток, задолжително – химната и реферат за животот и делото на нашиот патрон Ѓорче Петров. Посебна благодарност изразуваме до директорката на НУЦК „Марко Цепенков“, г-ѓата Јасмина Мицовска Станкоска за отстапениот простор на театарската сала и љубезниот персонал, како и на: рок - бендот „No cigarettes“ и на Фото студиото ФАН Продукција Зоран Пилата, за техничката поддршка.

Истата вечер, Младинската организација на СОУ„Ѓорче Петров“ Прилеп, по повод патрониот празник, организираше хуманитарна забава во кафе „Апореа“

На 2.4.2024г. во 10:00ч. пред бистата на великанот Ѓорче Петров, во центарот на градов, како и пред спомен – обележјето од родната куќа на Ѓорче на Варош, беше положено свежо цвеќе и се оддаде почит од страна на наставничкиот колегиум на училиштето, на чело со директорката г-ѓа Жанета Видевска, членови на Училишниот одбор и Советот на родители, како и делегација од Општина Прилеп, Сојузот на борци од Прилеп и ОК на ВМРО – ДПМНЕ Прилеп и делегации од училиштата во градов.

Во организација на ELTAM МК (Асоцијација на наставници по англиски јазик на Македонија), на 13.04.2024 се одржа регионален натпревар по англиски јазик за средните општински училишта од Прилеп и Македонски Брод.

Учениците од СОУ "Ѓорче Петров" повторно меѓу најдобрите.

1. Ема Трајкоска 2-3 клас - 2 награда

Ментор: Марина Димовска

2. Меланија Јованоска 2-1 клас - 2 награда

Ментор: Неда Ченто

3. Јана Василеска 1-1 клас - учество

Ментор: Емилија Ѓорѓиева Велкоски

На 20.04.2024 се одржа регионалниот натпревар во спелување "Spelling bee" во просториите на "American corner" во Битола.

•Учениците од СОУ "Ѓорче Петров" Прилеп под менторство на професорките Марина Димовска и Емилија Ѓорѓиева Велкоски ги постигнаа следните резултати:

Марко Ванчев 2-8 клас (пласман на државен натпревар)
Јана Василеска 1-1 клас (пласман на државен натпревар)
Матеј Милевски 1-1 клас (пласман на државен натпревар)
Ахил Андоноски 1-1 клас (пласман на државен натпревар)
Ненад Ризовски 2-3 клас - пофалница
Марија Стојаноска 2-8 клас -пофалница
Андреј Тошески 1-1 клас - пофалница
Михаил Јованоски 1-1 клас - пофалница
Ева Чорбоска 1-1 клас - пофалница
Матеј Иваноски 1-1 клас - пофалница

Во месец мај, на Наградниот литературен конкурс по повод 5 Мај – Денот на македонскиот јазик, во категоријата Поезија беа наградени ученичките: Христина Талеска од 1-2кл. за прво место, ментор Лидија Ристеска; Лејла Јаховиќ од 2-1кл. Трето место, ментор Билјана Тинтоска;

На ден 11.05.2024 год. во Скопје се одржаа два различни натпревари по англиски јазик и тоа:

•Натпревар во спекување „ Spelling bee" и натпреварот „Елтам"

• Учениците кои го претставуваа нашето училиште како и нивните ментори, ги постигнаа следниве резултати:

Ученичката Јана Василеска I-1 клас го освои третото место на Државниот натпревар „Spelling bee" под менторство на проф. по англиски јазик - Емилија Ѓ. Велкоски

Ученичката Ема Трајкоска од II-3 клас го освои второ место на Државниот натпревар „Eltam" под менторство на проф. по англиски јазик - Марина Димоска.

Ученичката Меланија Јованоска го освои третото место на Државниот натпревар „Eltam" под менторство на проф. по англиски јазик Неда Ченто.

Учество во Државниот натпревар „Spelling bee" имаа и учениците

*Ахил Андоноски I-1 клас

*Матеј Милески I-1 клас

На 5 јуни, на Државниот натпревар по македонски јазик и литература, одржан во Филилошкиот факултет „Блаже Конески", ученичката Евгенија Неданоска од 4-2кл., под менторство на проф. Оливера Димитријоска го освои третото место.

Месеците јуни е во знакот на сумирање на резултатите од наставниот процес и на матурантите и на учениците од пониските класови. Во тек е реализацијата на Државната матура. На 1 јуни се полагаше предметот Македонски јазик и литература, на 8 јуни – Англиски јазик и Математика, како екстерен дел од матурата, а тековно се реализираат и останатите испити од интерниот дел. Исто така, беше успешно реализиран и Завршниот испит по македонски јазик и литература – за четиригодишно и тригодишно образование, на 11 јуни 2024г. Следува упис на учениците во прва година. И од тоа зависи и распределбата на часовите на наставниците.

Активностите завршија со договор за нареден состанок заради планирање на Годишната програма за учебната 2024/2025 г.

**Изработил:**

**Претседател на: Активот по македонски јазик и литература, странски јазици и латински јазик: Билјана Тинтоска**

**-професор по македонски јазик и литература**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМ НА АКТИВОТ ОД ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКОТО ПОДРАЧЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОД**

Во оваа учебна година беа остварени следните планирани активности.

Во текот на месец август беа извршени сите подготовки за успешно полагање поправните испити за учениците. Беа извршени консултации околу планирањето на наставата, а беше посетена и едукацијата за имплементација на МИО – програмата во наставата, што ја организираше педагогот на училиштето. Беа извршени и консултации и договор за изработка на соодветни формулари за имплементација на МИО – стандардите и нивно внесување во тематските и дневните планирања на наставата. Тимски беа разработени и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети,успешно беше реализирана програмата за професионален развој на наставниците.

Во текот на месец септември тимски беа изработени годишните и тематските планирања на наставата, како и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети. Беа активирани и припремите на лабораторијата и кабинетите за изведување на практична настава.

Месец октомври беше во знакот на внесување на образовни иновации во изведување на наставата и анализа на одржаните часови.Беа направени посети на биохемиската лабораторија и болничката аптека во Медицинскиот центар ви Прилеп во склоп на практичната настава од фармацевтската струка.

На почетокот на месец ноември беше извршена посета на Природно научен музеј во Скопје и посета на хемиска лабораторија за испитување на храна и вода и лабораторија за санитарна микробиологија во ЗЗЗ Прилеп.Беше направена анализа на успехот на учениците по предметите на крајот од првото тромесечие и беше разгледана стратегија за неговото подобрување, а беше активирана и реализацијата на додатната и дополнителната настава.

Оваа активност продолжи во месец декември и беше насочена кон поуспешна реализација на успехот на крајот од првото полугодие. А беа преземени и конкретни чекори околу определувањето на учениците во врска со Државната матура и другите нејзини компоненти, како на пример проектната задача и предмети од природно математичко подрачје во склоп на државна матура.

Во текот на месец јануари имаше активности околу Завршниот испит за кандидатите од тригодишно образование и беше извршена анализа на успехот од првото полугодие и разработена стратегија за негово подобрување.

Во месеците февруари и март беа извршени интензивни подготовки околу учеството на општински,регионални и државни натпревари по предметот Матерматика, Хемија, Биологија, Физика. Во април и мај беа изведени сите натпревари и

Исто така и за јуни сите планирани активности до 10 ти јуни се извршуваат. Сите подготовки за матура и завршен испити, дополнителни и додатни активности, продолжителна настава за тие што имаат потреба.

Треба да се нагласи дека секој месец беше ажурирана веб страната на училиштето и ЕСАРУ системот.

Од цел актив професорот Сашо Кочоски имаше деца на натпревари и тоа на општински натпревар по Физика учествуваа 3 ученици Илиеска Елеонора, Сара Павлоска и Марко Костадиноскаод 2 ра година и Иваноска Емили, Бунтеска Ивана, Велкоска Марија и Трајкоска Дарија од прва година, и истите се пласираа на регионален натпревар, а на државен не се пласираа никој

По предметот Математика професорката Валентина Темелкоска имаше една ученичкаЕлеонора Илиеска која на општинскиот освоипрво, на регионалниот второ и пофалница на државеннатпревар.

По предметот Биологија професорките Татјана Шабаноска и Соња Николоска учествуваа со деца на следните натпревари

РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО БИОЛОГИЈА

Освоени награди:

Ангела Челебитова II награда

Елена Башеска III награда

Стефанија Спиркоскапофалница

ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР ПО БИОЛОГИЈА

Ангела Челебитова I награда

Елена Башеска III награда

Ментор Татјана Шабаноска

Општински натпревар по биологија- Неданоска Евгенија од 4-2клас
II награда

Регионален натпревар по биологија- Неданоска Евгенија од 4-2клас
пофалница

Ментор Соња Николоска

**Изработил: Сашо Кочоски**
**Актив од природно математичко подрачје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМ НА АКТИВОТ ОД ОПШТЕСТВЕНО ПОДРАЧЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОД**

**По следните наставни предмети:**

1. **Историја;**
2. **Бизнис и претприемништво;**
3. **Граѓанско Образование;**
4. **Претприемништво;**
5. **Иновации и претприемништво;**
6. **Психологија;**
7. **Содржини програмирани од училиштето - Ученичка компанија-Претприемачка практика за млади.**

Во учебната 2023/2024 година наставата се реализираше согласно насоките и програмите на МОН со физичко присуство.

Наставата по предметите од Активот на општествени науки, се одвиваше според предвидените програми и планови. Сите наставни единици наставниците од овој актив успешно ги реализираа заедно со своите ученици, применувајќи различни методи и техники при настава со физичко присуство.

Во месец април ученици од четврта година кои го изучуваат предметот Бизнис и претприемништво – изборен, учествуваа на натпревар кој го организираше Економскиот факултет Прилеп, а темата беше ,,Циркуларна економија,,, под менторство на проф.Христина П.Димеска.

На 25 и 26 април,2024г. во х.Дрим се одржа Државен натпревар за ученички компании. Нашата Ученичка компанија Чокопробио го освои првото место и пласман на Европски натпревар за Ученички компании кој ќе се одржи ос 01-07 до 05-07-2024г во Катанија, Сицилија, Италија, а истата ја сочинуваат учениците – Михаил Ангелески, Марио Ујгуноски од четврта година, Христина Димеска, Теа Манеска и Марија Ѓорѓиоска од трета година, ментор проф.Христина П.Димеска.

Предвидените посети на институции, согласно планот и програмата на предметите од активот не беа реализирани поради повеќе причини, на пр.финансиски причини.

**Претседател:**
**Христина Петковска Димеска**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ ПО СПОРТСКО-УМЕТНИЧКО ПОДРАЧЈЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

Во месеците септември и октомври успешно беа сработени годишните глобални и тематски планови за учебната 2023/2024 година. Почнати се подготовки на екипите во футсал и одбојка и подготовка на балетските групи. Во текот на месец ноември беа изиграни и општинските натпревари во футсал за машки и женски во организација на СУС на Општина Прилеп каде што нашата машка екипа го освои второто место а девојките исто така второ место .
Во месец декември беа одиграни натпревари во одбојка за женски по повод патрониот празник на СОУ„Мирче Ацев“ Прилеп. Во месец декември беа изиграни општинските натпревари во одбојка за машки и женски каде што во финале женската екипа го освои второто место а машката екипа во одбојка изгуби во финалето од општинските натпревари и го освои второто место на општинско ниво.Исто така наши ученици зедоа учество во кореографијата на можоретките и изложбата на маски по повод празникот „Прочка“ во НУЦК„Марко Цепенков“.Во месец февруари во организација на СУС на Општина Прилеп и ФУСМ беа одиграни натпревари од општински карактер во кошарка за машки и женски.Во женска категорија кошаркарките го освоија второто место на општинскао а машката екипа во кошарка изгуби во финалниот натпревар на општинско ниво освојувајќи го второто место. Во истиот месец се одиграа натпреварите во ракомет исто така за машки и женски кадешто и машкатаи женската екипа го освои второто место.Во месец април по повод патрониот празник на училиштето во спортската сала се одиграа натпревари во одбојка и нашата екипа во женска конкуренција го освои првото место.Во текот месец мај беа одиграни натпреварите во фудбал во машка и женска конкуренција и нашите екипи постигнаа солидни резултати.Мшката екипа го освои првото место на општинско ниво со што се стека со право на учество на зонско ниво каде го освои првото место исе пласираше на регионалните натпревар.Таму исто така го освои прво место каде го освои првото место ис епласира на државното првенство Гимназијада Струга 2024.Таму екипата постигна одличен успех освојувајќи го третото место.Исто така на манифестацијата Сите на Велосипед наши ученици и професори зедоа учество во голем број. Во текот месец март беше изведена посета на олимписки базен во Скопје и еднодневна планинарска тура на Пелистер.Исто така големи резултати беа остварени и во индивидуалните спортови на државното првенство во во пинг понг беа остварени едно четврто и едно петто место во доста силна кокнуренција а во карате кати освоено е едно трето место.

**Изработиле:**

**Актив по спортско-уметничко подрачје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ ЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

Активностите кои ги планираше активот Лични услуги, за оваа наставна година, успешно беа реализирани.
Во месец септември членовите на активот, ги доставија годишните глобални и тематски наставни планови на педагошко-психолошката служба во училиштето. усогласувајќи ги меѓусебно. Беа изработени и спецификациите и критериумите за оценување на учениците по години и по предмети. Исто така беа успешно завршени консултациите за подготовка на тестови и континуирано пратење за учество во натпревари, модни ревии и други активности поврзани со струката лични услуги.

Во месец октомври беше организирана и реализирана посета во козметички и фризерски салони.

Во месец ноември, сите планирани активности беа успешно изведени. Исто така беше извршена анализа на успехот на учениците по предметите на крајот од првото тромесечие и беше разгледана стратегија за неговото подобрување.

Оваа активност продолжи во месец декември и беше насочена кон поуспешна реализација на успехот на крајот од првото полугодие. Беа преземени и конкретни чекори околу определувањето на учениците во врска со екстерните предмети за Државната матура и другите нејзини компоненти, како на пример проектната задача.

Во текот на месец јануари имаше активности кои се однесуваат на контактите и соработката со соодветните активи во нашето училиште. Се работеше и на стратегија за подобрување на успехот во второто полугодие.

Во месеците февруари и март успешно беа изведени консултативните состаноци за изработка на тестови за интерна проверка на стекнатите знаења од струката лични услуги. Учениците од нашата струка учествуваа и дадоа свој придонес во Осмомартовскиот панаѓур, кој се организира во нашето училиште. Во месец март, течеа и подготовките за Државната матура, т.е последните подготовки пред бранењето на проектната задача.
Во месец април, беа реализирани предвидените посети на фризерски и козметички салони, каде учениците имаа можност да следат козметички постапки планирани за овој период.
Во текот на овој месец се реализира одбраната на проектната задача, а учениците ги добија соодветните бодови и оценки. Сите ученици успешно ја одбранија проектната задача.

Во месец мај, Претседателот и членовите на активот беа активно вклучени во активностите поврзани со промоција на струката во интерес на уписната стратегија. Беа посетени основните училишта во градот и околината, а на учениците на најдобар начин им беше презентирана струката и можностите кои ќе ги имаат доколку се запишат да ги изучуваат овие интересни занимања.

Во месец јуни се одржа и отворен ден на училиштето за презентација на струките, каде стручните професори и учениците од струката лични услуги, успешно да ги претставија нашите два профили – Фризер и Техничар за козмтичка нега и убавина. Месецот јуни, како и секоја година е во знакот на полагањето на Државната матура, односно Завршниот испит, но исто така и на завршувањето на учебната година за останатите ученици, поправните испити, организирање дополнителна настава за истите. Овој месец се одржа и Модна ревија, успешно реализирана заедно со колегите и учениците од текстилната струка. Активностите завршија со договор за нареден состанок заради планирање на Годишната програма за учебната 2024/2025 година.

**Изработиле:**
**Членовите на Активот по Лични услуги**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ ОД СТРУКА/СЕКТОР ЗДРАВСТВЕНА/ ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШИТА ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

- Заеднички се изработуваа годишните, месечните и неделните програми, следејќи ги насоките на модуларната програма
- Членовите на активот континуирано соработуваа со цел да се одржи континуитет на соработката и активностите. Се дискутираше за поуспешно реализирање на предвидените наставни содржини, со цел да се стави акцент на оние кои се сметаа дека се најпотребни и најзначајни за струката.
- Се изработуваа видео презентации поврзани со теми и датуми значајни за струката. Истите се презентираа преку социјалните мрежи и интернет порталите.
- Се изработуваа и видео материјали со цел популаризација на училиштето и поддржување на уписната политика на училиштето.
- Се изработуваа и видео материјали за учениците и во соработка со истите, со цел да се поттикнат и мотивираат за работа и соработка и во вонредни услови.
- Се реализираа состаноци со членовите на активот и учениците, со цел размена на искуства од реализираните проекти на Еразмус.

**Претседател:**
**Митко Талески**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ ОД СТРУКА/СЕКТОР - ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА / ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

| Извештај за реализирани активности на активот по текстилство за учебната 2023/2024 г. | | |
|---|---|---|
| Активности | Носители | Време на реализација |
| Распределба на наставни предмети и изготвување на годишни глобални и тематски планирања за учебната 2023/24год | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | јуни |
| Изготвување на Програма за работа на стручен актив | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | август |
| Дискусија за Изготвување на Планови за личен професионален развој и Програма за професионален развој на активот | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | септември |
| Соработка со компании „Комфи Ангел“ и конфекција “Кули“ за реализација на УПРР | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | август - септември |
| Посета на конфекција „Жалфија” заради запознавање со технолошкиот процес и работните места | професор Здравка Најдоска, ученици од втора година | септември |
| Слики и видеа со изработка на различни предмети од текстилни материјали за презентација на струка на фб страната од училиштето | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | септември - јуни |

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на облека и текстилни производи со материјали добиени во соработка со локални конфекциски и текстилни компании | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска , ученици од 2,3 и 4 година | Октомври -јуни |
| Учество во дводневна работилница за 3Д моден дизајн организирана од Текстилен кластер и VM3D-fashion design | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска , ученици од 2,3 и 4 година | септември |
| Изработка на наметки за стрижење за реализација на практична настава, лични услуги - фризер | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | октомври |
| Изработка на украсни тиквиња од отпадни текстилни материјали за украс и за подарок | професор Здравка Најдоска, ученици од втора година | октомври |
| Соработка со активот по текстилство СОУ „Таки Даскалот“ - Битола и продукција „Божилович“ за реализација на „Креативен ден 2024“ | професор Јулијана Поповска | октомври - јуни |
| Соработка со модни креатори, соработка со познати дами и реализација на активности во рамките на проектот „Креативен ден 2024“ | професор Јулијана Поповска | октомври - јуни |
| Соработка со невладина организација LEAD, подготовки и апликација за проект од обласа на циркуларна економија | професор Јулијана Поповска | октомври - ноември |
| Изработка на престилки за градинарство за корисниците на Дневниот центар "Sуница" | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | ноември |

| | | |
|---|---|---|
| Учество во работилница „ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ПОВЕЌЕ" - дизајнирање на престилки за градинарство, по повод 3ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост организирана заедно со ученици од ООУ„Гоце Делчев" и ООУ„Рампо Левката“ | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | ноември |
| Учество на настан Инфо ден за проектот FASHION EMPLOYMENT HUB во организација на Текстилниот кластер и Македонската модна асоцијација. Следење на презетации на млади модни дизајнери и на творештвото од претставници на занаетчиската комора од Прилеп | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска , ученици од 1, 2,3 и 4 година | ноември |
| Обука „Промоција на културата за обезбедување квалитет и Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука - EQAVET“. | професор Јулијана Поповска | ноември |
| Изработка на перници за потребите на здравствена струка, профил медицински сестри | професор Здравка Најдоска, ученици од втора година | ноември - декември |
| Организација на креативен конкурс „Јелена Крстиќ" на тема „Идол од градот" | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа и професорките по Ликовна уметност Марта Макеска и Емилија Димеска | ноември-декември |
| Изработка на цртежи и модни додатоци за Конкурс „Јелена Крстиќ" | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, ученици од 1, 2,3 и 4 година | ноември - декември |
| Изработка и пакување на ангелчиња од филц за подарок на учесниците на креативниот конкурс „Јелена Крстиќ" | професор Здравка Најдоска, ученици од втора година | ноември - декември |

| | | |
|---|---|---|
| Ликовна изложба на творбите од конкурсот „Јелена Крстиќ“ во просториите на училиштето и доделување на сертификати и награди (донирани од компаниите ,,Тритекс” и ,,Комфи Ангел”, професорка Марта Макеска) | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа , професорки по Ликовна уметност Марта Макеска и Емилија Димеска | декември |
| Изработка на новогодишни елки од отпадни текстилни материјали добиени од компанија ,,Жалфија” | професор Здравка Најдоска, ученици од втора година | декември |
| Боење на облека со природни бои | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | декември |
| Конструирање и моделирање кројни делови во природна големина за различни предмети за облекување | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | декември - март |
| Изработка на производи од текстилни материјали добиени во соработка со компании заради реализација на новогодишен панаѓур и промоција на текстилната струка | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, ученици од 2 и 3 година | ноември - декември |
| Модно илустрирање на различни теми | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | ноември- мај |
| Работилница на тема „Обединето против насилство врз жените и девојчињата“ во големата сала на Советот на Општина Прилеп организирана од Општина Прилеп за одбележување на кампањата 16 дена активизам против родово базирано насилство. | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | декември |
| Обука за обучувачи во рамки на проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста, релевантноста на стручното образование и образование на возрасни“ - Развивање и спроведување на програми за обука за вработените во училиштата за стручно обрзование и обука | професор Јулијана Поповска | декември |
| Изработка на украси и декорирање на училишната работилница | Членови на активот со ученици од 2,3 и 4 година | декември |

| | | |
|---|---|---|
| Новогодишен панаѓур | Членови на активот Здарвка Најдоска , Наташа Мирческа и ученици од 1,2,3 година | декември |
| Анализа на успехот по стручни текстилни предмети од профилот конфекциски техничар на крајот на првото полугодие за учебната 2023/2024 г. | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | јануари |
| Обучувач на дводневна обука со физичко присуство и еднодневна онлајн сесија - Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни | професор Јулијана Поповска | јануари - февруари |
| Учество во обука „Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни" | Професори од Активот: Здравка Најдоска, Наташа Мирческа | |
| Рачно везење на редизајниран предмет за облекување | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | февруари |
| Учество во работа на комисии за попис во училиштето | Професори Наташа Мирческа и Јулијана Поповска | декември - јануари |
| Изработка на мартинки | Членови на активот Здарвка Најдоска , Наташа Мирческа и ученици од 1,2,3 година | февруари |
| Печатење на облека со рачно изработен шаблон | професор Јулијана Поповска, ученици од 4 година | март |
| Продажба на мартинки и донирање на средства за лекување на млад човек чие семејство аплераше за помош | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа и ученици од 1, 2, 3 година | март |
| Подарување на мартинки на ученици и вработени во нашето училиште СОУ„Ѓорче Петров" | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа и ученици од 1, 2 година | март |
| Подарување на мартинки на деца од градинка „Гоце Делчев" , Прилеп | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа и ученици од 1, 2 година | март |
| Изработка на модни креации за учество на модна ревија „Креативен ден“ - Битола | Професор од Активот Јулијана Поповска и ученици 2 и 4 година | фебруари - јуни |
| Изработка на производи и учество на осмомартовски панаѓур | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа и ученици од 1, 2 и 3 | март |

| | | |
|---|---|---|
| | година | |
| Изработка , пакување и подарување на осмомартовски подароци - цветни брошеви од вуница на сите вработени од женски пол во училиштето | Професор Здравка Најдоска , ученици од 2 година | февруари-март |
| Изработка на 120 марами од материјали добиени од тејстилни компании за одбележување на 8Март | професор Јулијана Поповска, ученици 4 година | февруари - март |
| Учество на презентација на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | професор Јулијана Поповска | април |
| Учество на презентација од факултетот за моден дизајн – Европски универзитет | професор Јулијана Поповска, ученици 4 година | април |
| Подарување 120 марами на случајни минувачи на плоштад „Методија Андонов - Ченто“ по повод празникот 8 Март | професор Јулијана Поповска, ученици 4 година | март |
| Изработка на производи за велигденски подароци од отпадни текстилни материјали донирани од компаниите ,,Жалфија", ,,Комфи Ангел", ,,Кули" | професор Здравка Најдоска, ученици од втора година | април, мај |
| Изработка на креации со редизајн и реупотреба на текстил (џинс) | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа и ученици од 1, 2 и 3 година | мај , јуни |
| Модна ревија ,,Траш фешн" | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа ученици од 1, 2 и 3 година од текстилно-кожарска струка, професори по Ликовна ум,етност Марта Макеска и Емилија Димеска , професор по пракса кај профил фризери , Стојне Христоска | јуни |
| Обука - Училишна матурска комисија | професор Јулијана Поповска | мај |
| Подготовки за презентација на струката на Отворениот ден во училиштето | професори Здравка Најдоска и Наташа Мирческа ученици од 1 и 2 г. | мај |
| Учество во презентација на струката на Отворениот ден во училиштето , настан организиран од училиштето , а поддржан од | професори Здравка Најдоска и Наташа Мирческа ученици од 1, 2, 3 г. | мај |

| | | |
|---|---|---|
| локалната самоуправа | | |
| Учество во презентација на струката и училиштето пред учениците деветтоодделленци | професори  Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | мај |
| Учество во емисија во живо на радио „Пела“ - Презентација на текстилно - кожарска струка и дуално образование | професор Јулијана Поповска | јуни |
| Учество на модна ревија „Креативен ден 2024“ на тема „Цвет“ - Офицерски дом - Битола | професор Јулијана Поповска, ученички од 2 и 4 година | јуни |
| Изработка на електронски содржини за презентација на профилот/квалификацијата и училиштето | Членови на  активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | април-јуни |
| Учество во онлајн обуки, обуки со физичко присуство  настани од различна тематика | Членови на  активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | септември-јуни |
| Соработка со родителите/старателите на учениците | Членови на  активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска и родители/старатели | во текот на учебната  година |
| Изработка на дигитални содржини за промоција на струка | Членови на  активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | во текот на учебната  година |
| Соработка со компании,,Кули,, и ,,Комфи Ангел,, заради реализација на часови по Учење преку работа кај работодавач | Членови на  активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | во текот на учебната  година |
| Соработка со Текстилен кластер на Македонија | Членови на  активот - професори: Здравка Најдоска , Наташа Мирческа, Јулијана Поповска | во текот на учебната  година |
| Соработка за реализација на феријална практика и склучување на Меморандум за соработка со компаниите „Фалко“- Крушево и „Гармент најс“ - Македонски Брод | професор Јулијана Поповска | мај-јуни |
| Комуникација со компании ,,Тритекс,, Витаминка", пицерија Ла Страда, слаткарница Дизниленд, продавница „Дуки Дасо" заради обезбедување спонзорства за настани: креативен | професор Наташа Мирческа | декември/ мај-јуни |

| | | |
|---|---|---|
| конкурс„Јелена Крстиќ„ и модна ревија Траш Фешн | | |
| Членство и работа во Училишна матурска комисија | Член на активот - професор Јулијана Поповска | октомври 2023- август 2024 |
| Организација за спроведување на феријална практика | Членови на активот - професори: Здравка Најдоска , Јулијана Поповска ,Наташа Мирческа ученици од 1 , 2 и 3 година , родители, претставници од компании | мај-јуни |
| Соработка со VM3D - 3Д Моден дизајн за користење на софтвер за компјутерско конструирање на облека | професор Јулијана Поповска | јуни |
